Согласно член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18) и член 16 од Статутот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница бр.01-185 од 17.12.2015 година, директорот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница донесе:

Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“ 02-9 21.01.2020 Виница

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидатите за работно место библиотекарски помошник-два извршители**

1. За работното место: **библиотекарски помошник-два извршители** , шифра на работно место КУЛ 03 04 Ѓ02 005, се избираат кандидатите: Сузана Серафимова и Горан Насков
2. Сузана Серафимова ќе биде вработен на наведеното работно место од претходната точка во библиотеката во Виница , а Горан Насков во библиотеката во с. Истибања, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Во врска со објавениот оглас бр. 01/2019 објавен на ден 25.12.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, Комисијата за постапка за вработување формирана со решение бр. 04-03 од 14.01.2020, на ден 15.01.2020година, спроведе проверка на веродостојноста на доказите на кандидатите за наведеното работно место.

По спроведената проверка на веродостојноста на доказите Комисијата за постапка за вработување достави предлог кандидати бр. 04-07/2 од 16.01.2020 год. Врз основа на предлог доставен од страна на Комисијата за постапка за вработување, директорот на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница изврши избор како во диспозитот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Ванчо Прке“-Виница во рок од осум дена од објавување на одлуката на огласната табла и страната на општина Виница.

ЈОУ Библиотека,,Ванчо Пеке,,-Виница

ВД Директор

Трајче Николов